Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 268/0306
02.07 20 21 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 30 јуни 2021 година, врз основа на примена жалба од Хелсиншки комитет за човекови права за интернет – порталот Република.мк“, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**Интернет - порталот „Република.мк“ со текстот насловен „Тасевски: Да се потсетиме пред пешкир парадата во Скопје, какви се оние кои ја финансираат и организираат“, го прекрши Кодексот на новинарите во членот 10.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 22 јуни 2021 година, Хелсиншки комитет за човекови права поднесе жалба за текстот со наслов „Тасевски: Да се потсетиме пред пешкир парадата во Скопје, какви се оние кои ја финансираат и организираат“, објавен на 22 јуни 2021 година, на интернет - порталот „Република.мк“ (www.republika.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи говор на омраза и мешање на факти и мислење, вест и коментар, односно дека Кодексот на новинарите е прекршен во членовите 10 и 13.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет - порталот „Република.мк“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Медиумот не одговори на наводите на жалбата.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и едногласно одлучи дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членот 10**.**

***Член 10:*** *„Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...).“*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 30 јуни 2021 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата, најнапред, утврди дека се работи за текст кој пренесува фејсбук статус на македонскиот актер Сашо Тасевски, кој изнесува лични ставови во однос на ЛГБТИ заедницата во земјава. Порталот „Република.мк“ статусот на актерот го пренесува дословно и без никакви интервенции, што, секако, не го ослободува од одговорност доколку содржината е дискриминаторска или може да поттикне дискриминација. (во случајов, врз основа на сексуална ориентација и род).

Став на Комисијата е дека токму таков е случајот со оспорениот текст на „Република.мк“. Во текстот прво е пренесен ставот на актерот кој вели „**Да се потсетиме пред пешкир парадата во Скопје, какви се оние кои ја финансираат и организираат“,** како своевидна реакција и осуда на објавена твитер порака во која корисничка на социјалната мрежа бара „забрана на Денот на татковците“. Во рамките на текстот, објавена е и споменатата твитер порака, напишана на англиски јазик со следната содржина:

„**Приклучи се кон движењето! Помогни ни нам #Забрана за Денот на татковците# Тоа ги повредува чувствата на многу млади деца кои имаат две мајки!“,** се вели во пораката, под која е поставена фотографија со пушка во која се става куршум, проследена со натпис **„Можеби Бог ќе ви прости, но јас не.“**

Во овој контекст, Комисијата потсетува дека медиумите се одговорни и за пренесување на искажаното на социјалните мрежи, зашто со нивното објавување таквите содржини добиваат јавност. Ова уште повеќе што се работи за објава на јавна личност, кој може да биде влијателен чинител во креирање на јавното мислење. Слободата на говорот е неприкосновена, но не смее да ги надмине границите на слобода на изразување, особено ако текстот може да поттикне насилство и дискриминација. Затоа, медиумите мораат да направат јасна проценка пред воопшто да објават такви содржини, да покажат соодветна дистанца, да се оградат или да ги осудат.

Оттука, Комисијата се согласи дека во текстот на „Република“ е прекршен **членот 10** од Кодексот на новинарите.

Медиумот и новинарот не треба да објавуваат материјал (информација, слика, мислење, коментар), кој има за цел да шири непријателство или омраза, или ако постои голема веројатност дека објавениот материјал ќе предизвика непријателство или омраза кон некого поради неговата раса, етничка припадност, пол, вера, политичка припадност, сексуална ориентација, физички недостаток, итн.

Кога известуваат за проблемите на различните групи и заедници во општеството, онлајн медиумите ќе пристапуваат крајно внимателно, ќе употребуваат коректна и стандардизирана терминологија и нема да употребуваат навредливи коментари или изрази со кои несвесно ќе ги создаваат или ќе ги засилуваат стереотипиите за нив. Онлајн медиумите ќе се трудат да ја зголемуваат свесноста за негативните последици од говорот на омраза, да го идентификуваат и разобличуваат таквиот говор, како и да ги посочуваат актерите што го продуцираат и се служат со него. Онлајн медиумите ќе создаваат содржини со кои што ќе се спротивставуваат на говорот на омраза и на дискриминацијата по различни основи.

* * *

**При своето одлучување, Комисијата ги зеде предвид и:**

*** Препораката CM/Rec(2010)5 на Комитетот на министри на Советот на Европа** до земјите-членки во врска со мерките за борба против дискриминацијата врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет. Во точката Б. од препораката, посветена на говорот на омраза се вели: „Државите членки е неопходно да преземат мерки за борба против сите видови на изразување во медиумите и на интернет за кои може да се добие впечаток дека го предизвикуваат ефектот на поттикнување, ширење и промовирање на омраза и други видови на дискриминација против лезбејки, геј, бисексуалци и трансродови лица".

***Член 3 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, во кој се вели дека:** Се забранува секоја директна или индиректна дискриминација, повикување и поттикнување на дискриминација и помагање во дискриминаторско постапување врз основа на пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етичка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална и телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба или која била друга основа.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

**Се обврзува интернет - порталот „Република.мк" (www.republika.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595